1. **Наслов на обуката:**

**Вовед во податочна писменост**

2. **Краток опис на обуката:**

Обуката овозможува разбирање и совладување на основните техники потребни за собирање, обработка и интерпретација на податоци. Слушателите на оваа обука ќе бидат обучени како да користат дигитални алатки за собирање на податоци од примарни извори (онлајн анкети, фокус групи и сл.) како и од секундарни извори (податоци претходно обработени од други единки). Дополнително, слушателите ќе се оспособат да ги користат Google Forms, Excel и Python за обработка на собраните податоци, а пак обработените податоци ќе бидат искористени за да се даде нивна интерпретација. Интерпретацијата на податоците е неопходна за обезбедување на непристрасно презентирање на информации од страна на истражувачот до публиката на која се презентираат податоците.

3. **Програма на обуката**
   - Основи на анализа на податоци
   - Методи за собирање на податоци
   - Методи за обработка на податоци
   - Методи за интерпретација на собраните и обработени податоци
   - Начини за презентирање на податоците

4. **Времетраење на обуката:** 10 часа

5. **Максимален борј на слушатели:** 50

6. **Предавач:** асистент м-р Виктор Стојковски

7. **Локација:** онлајн обука

8. **Методологија на едукација:** Предавања со помош на презентации, дискусии во група, вежби на конкретни практични примери тест.

9. **Сертификација:** Економски факултет-Скопје преку акредитацијата за изведување на настава на прв, втор и трет циклус на студии добиена од Министерството за образование и наука на РСМ, повеќе од половина век дава диплома за завршени студии на повеќе департмани. Во таа насока по успешно завршувањето на обуката ќе издаде сертификат-потврда за посета на обуката и стекнати дигитални вештини според Европската Рамка за дигитални компетенции 2.0.

10. **Цена: 14.000,00 денари**